# З А П И С Н И К

од осумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации

осумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата за електронски комуникации, свикан од Претседателот на Комисијата се одржа на 21.12.2020 во 17:30 часот, во просториите на Агенцијата за електронските комуникации.

Согласно деловникот за работа на Комисијата, Претседателот ги испрати пристигнатите материјали до сите членови на Комисијата, како и Предлог дневниот ред.

Дневниот ред имаше 4 точки и тоа:

1. Усвојување на дневниот ред за осуманаесетиот состанок на Комисијата на АЕК;
2. Усвојување на Записникот од седумнаесетиот состанок на Комисијата на Агенцијата;
3. Отварање на пристигнатите пријави по Огласот бр.1102-29/8;
4. Разно.

Откако претседателот на Комисијата имаше воведно излагање по однос на предложениот Дневен ред, сите членови на Комисијата го усвоија истиот.

Потоа едногласно се усвои Записникот од седумнаесетиот состанок на Комисијата.

Во врска со точка број три, беше констатирано дека во законски предвидениот рок биле пристигнати две пријави и тоа под архивски број 1102-29/9 и 1102-29/10. Откако беа отворени и проверени документите се констатира дека и двете пријави се комплетни и се прифаќаат како валидни по што се донесе заклучок и двајцата пријавени кандидати да се повикаат на интервју на 23.12.2020 во 18:00 часот по што седницата заврши.

Под точка разно едногласно беше донесена одлука дека за потпретседател на Комисијата се бира Г-дин Ервин Реџепагиќ.

Седницата заврши во 18:30 часот.

Стевица Јосифовски, претседател_______________

Гордана Клинчарова, член _____________________

Дешира Имери, член __________________________

Ервин Реџепагиќ, член ________________________